# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ MWALLET

## СО MWALLET ПЛАЌАЈТЕ ГИ ВАШИТЕ СМЕТКИ БРЗО И ЕДНОСТАВНО, БЕЗ ДОПОЛНИТЕЛНИ ТРОШОЦИ И ПРОВИЗИИ.

Најавете се со вашиот Телеком профил. Ако немате, регистрирајте се.
Додадете сметка и добивајте ја секој месец во апликацијата, или додадете сметка само еднаш и платете ја.
Сè што ви е потребно е валидна Visa или MasterCard платежна картичка и уред со iOS 8, Android 4.0.3, или со некој од поновите оперативни системи. Зачувајте ја платежната картичка за побрзо следно плаќање.

**СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА**




## ПОЧЕТЕН ЕКРАН

Преземете ја апликацијата од Play/App store бесплатно.

Доколку имате креирано профил на порталот Мој Телеком, можете да го користите истиот со што, месечните сметки за мобилните и фиксните линии внесени во Мој Телеком ќе се прикажат во mWallet апликацијата.

Доколку немате креирано профил, пополнете ја формата за регистрирање. Ве советуваме да користите „силна" лозинка (лозинка со комбинација од големи и мали букви, бројки и симболи) за вашиот профил.

**На Почетниот екран се пресметува долгот за сите неплатени сметки внесени во апликацијата: вкупен долг и долг по одделен давател на услугата.**

## ДОДАДИ ИЛИ ПЛАТИ СМЕТКА

Со одбирање на кочето **Додади или плати сметка** можете да додадете сметки од ТЕЛЕКОМ или ЕВН.

Копчето **Плати сметка** е за додавање сметка еднократно.

Копчето **Додади во Мои сметки** е за постојано добивање на сметките.

За еднократно плаќање сметка, внесете го бројот на сметката или скенирајте го бар кодот.






## МОИ СМЕТКИ

За постојано добивање сметки, секој месец во mWallet апликацијата, во **Додади во Мои сметки**, одберете го типот на услугата:

- Мобилни и интегрирани услуги
- Фиксни услуги
- ADSL услуги

Внесете ги бараните параметри.

Апликацијата ќе ви праќа нотификација за нова пристигната сметка и за сметка на која ѝ поминува рокот за плаќање.

Ознаката извичник во триаголник ќе ја имате на сметката чијшто рок за плаќање е надминат.

## ДОДАДИ ВО МОИ СМЕТКИ / ФИЛТЕР

По успешно додадена сметка или со одбирање на копчето **Мои сметки** од Почетниот екран добивате  преглед на сите додадени платени и неплатени сметки.

Со одбирање на копчето **Филтер** можете да одберете критериуми по кои ќе ви видат прикажани сметките по давател на услуга и по датум од веќе додадените сметки, платени или неплатени.







## ПЛАТИ

Со селектирање на **Check box** полето кое се наоѓа веднаш до приказот на неплатени сметки, во долниот дел од екранот ќе се пресмета вкупниот износ на селектираните сметки. Со одбирање на копчето **Плати**, ќе се појави екранот за плаќање со платежна картичка.
Доколку немате зачувано картичка ќе се отвори страницата на картичниот процесор на Комерцијална банка АД Скопје - Casys,  којшто го овозможуваат процесот на плаќање. Таму ги внесувате податоците од вашата платежна картичка или само CVV2 за веќе внесена картичка.

По потврдување на податоците од вашата платежна картичка, плаќањето ќе биде проследено за реализација. Кога трансакцијата ќе се реализира успешно, ќе добиете известување и потврда на е-адресата која ја користите при најава на апликацијата.
Можете да одберете платежната картичка да биде зачувана во апликацијата. Со нејзиното зачувување, за наредните плаќања ќе можете да ја одберете и да не ги внесувате сите параметри. Доволен ќе биде  CVV2.

## ДЕТАЛИ

Со **одбирање една неплатена сметка**, можете да ги видите деталите за сметката, да ја преземете во pdf формат или да ја платите.






## ОСТАНАТО

Во главното мени во **Картички за плаќање** можете да ги видите зачуваните картички, да избришете или да додадете нова платежна картичка.

Преглед на нотификиции за добиена нова сметка, достасан долг или нова вест има во менито **Нотификации**.

Во **Активирај е-сметка** можете да ја стартувате услугата е-сметка со која месечните сметки нема да ги добивате во печатена форма по пошта.

Менито **Нагодувања** ви дава можност за избор на јазик на кој функционира апликацијата, вклучување или исклучување на нотификациите, преглед, бришење и менување на името на веќе додадени сметки и деактивирање на апликацијата на уреди на кои е  веќе инсталирана.

Со одбирање на копчето **Одјави се** ќе се затвори апликацијата. За нејзино повторно активирање ќе треба да се најавите со своето корисничко име и лозинка. За едноставно излегување од апликацијата, притиснете назад два пати.

За рекламации и приговори за МКТ сметки, обратете се на 122.
За рекламации и приговори за ЕВН сметки, обратете се на 0890 88888.